**Врз основа на член 93 став (6) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОМЕНА НА БРОЈОТ И ВИДОТ НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

**Службен весник на РМ, бр. 124 од 05.10.2012 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за промена на бројот и видот на автоматите за игри на среќа во автомат клуб.

## Член 2

Барањето за промена на бројот и видот на автоматите за игри на среќа во автомат клуб се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-31446/1
13 септември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р Зоран Ставрески, с.р.